РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

02.10.00.КО.001.04

# КОДЕКС
# НА ОДНЕСУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

2021

## Историја на документ

| Издание | Датум на издание | Опис | Направени промени | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Опис на промената | Променети страници/ точки/глави |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 01 | 25.09.2013 | Прво издание | / | / |
| 02 | 22.04.2016 | Второ издание | дополнување | увод, наслов на глава II, член 1, член 2, член 26, член 29 и член 30 |
| | | | измена | наслов пред член 5, член 6, член 15, член 27, член 31 и изменета нумерација од чл. 27 до член 31 |
| | | | нови одредби | член 27, 28 и 29 |
| 03 | 11.11.2020 | Трето издание | дополнување | преамбула, член 2, член 6, член 18, член 19, член 22 член 26, член 32, член 35 |
| | | | измена | член 2, член 36, нумерација од член 13 до 34 |
| | | | нова одредба | член 13, 17, |
| 04 | 29. 06. 2021 | Четврто издание | дополнување | член 31 |
| | | | измена | преамбула, член 6, член 34 и член 36 |

Врз основа на член 72 став 3 од Законот за Царинската управа („Сл. весник на Р.М" број 46/04, 81/05, 107/07, 103/08, 64/09, 105/09, 48/10, 158/10, 53/11, 113/13, 43/14, 167/14, 33/15, 61/15, 129/15, 23/16, 120/18, 248/18, 110/21 и 122/21), Царинската управа, претставувана од директорот Горан Сугарески, од една страна и Самостојниот синдикат на Царинската управа, претставуван од претседателот Љупчо Чингоски и Синдикалната организација при Царинска управа на Република Северна Македонија – УПОЗ, претставувана од претседателот Тони Апостоловски од друга страна, на _____________ 2021 година, утврдија

# КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

## I. Општи одредби

### Член 1

1) Со овој Кодекс се определуваат основните принципи и стандарди на однесување и работење на царинските службеници во Царинската управа, со цел да се обезбеди почитување на законитоста, професионалниот интегритет, ефикасноста при вршењето на должностите во рамките на Уставот, законите, подзаконските акти на Царинската управа, ратификуваните меѓународни договори и Ревидираната Аруша декларација.

2) Царинските службеници се должни да ги почитуваат и да се однесуваат согласно одредбите на овој Кодекс.

## II. Основни принципи и професионални стандарди

### Член 2

Основни принципи и стандарди во работењето за царинските службеници согласно овој Кодекс се:

- стручност, совесност, чесност и одговорност во вршењето на работните задачи и обврски во согласност со Уставот, законите, подзаконските акти на Царинската управа, ратификуваните меѓународни договори и Ревидираната Аруша декларација, без дискриминација или повластување и без никаков личен интерес,
- посветеност во работењето, лојалност и грижа за институцијата,
- чување на својот углед, достоинство и професионален интегритет,
- избегнување на ситуации и однесување кои можат да му наштетат на

интересот или угледот на Царинската управа,
- избегнување на користење на статусот или влијание за задоволување на сопствени материјални и лични интереси, интереси на членовите на нивните семејства,
- избегнување секаков вид на етичко некоректно однесување,
- избегнување на однесување, изјави и постапки со кои би се дискриминирале странките и колегите поради пол, раса, боја на кожа, род, етничка и национална припадност, социјален, општествен и материјален статус, образование, религија или верско уверување, здравствена состојба и која било друга основа и
- почитување на туѓите права и достоинство.

## Лична одговорност

### Член 3

1) Царинските службеници ја прифаќаат личната одговорност при извршувањето на службените обврски.

2) Царинските службеници не смеат да ги злоупотребуваат овластувањата и статусот на царински службеник.

3) Царинските службеници се должни да ги почитуваат и да се придржуваат кон одредбите од овој Кодекс и да се запознаат со последиците од непочитувањето и непридржувањето кон истиот.

### Член 4

1) Царинските службеници се должни да ги следат, проучуваат и соодветно да ги применуваат законите и другите акти што се поврзани со извршувањето на службените должности.

2) Царинските службеници се должни работните обврски да ги извршуваат со внимание, трудољубивост, професионалност и интегритет.

3) Царинските службеници се должни да се однесуваат на начин кој ќе ја одржува, подобрува и зајакнува репутацијата и професионалната работа на Царинската управа.

## Законитост и професионалност

### Член 5

Царинските службеници при вршењето на службените должности се должни да ги почитуваат Уставот, законите, подзаконските акти, актите на Царинската управа, ратификуваните меѓународни договори и Ревидираната Аруша декларација.

### Член 6

1) Против царинските службеници кои извршиле казниво дело, а особено дело против здравјето на луѓето, против животната средина и природата, културното наследство и природни реткости, против јавните финансии, платниот промет и стопанството, против службената должност и против правниот сообраќај, ќе бидат поведени дисциплински постапки.

2) Царинските службеници се должни да го информираат непосредниот раководител, доколку против нив е поведена постапка за утврдување кривична одговорност за било кое кривично дело.

3) Царинските службеници на кои им е изречена кривична санкција се должни да доставаат известување до непосредниот раководител и Секторот за управување со човечки ресурси. Известувањето се доставува на образец 02.10.00.КО.001.04-ОБ.02.04 Изјава за казнена евиденција.

### Член 7

1) Во случај кога од царинските службеници се бара да дејствуваат на неетички начин или на друг начин кој претставува кршење на овој Кодекс, тие за тоа писмено ќе го информираат својот непосреден раководител.

2) Доколку барањето за недозволено однесување потекнува од непосредниот раководител, во тој случај информација во писмена форма ќе се достави до непосредниот раководител на издавачот на наредбата, односно налогот.

3) Раководителот е должен да пронајде ефикасен начин за да ги испита ваквите наводи, а во случај кога ќе се потврди постоењето на истите, од Секторот за професионална одговорност ќе побара да го преземе и испита случајот.

## Непристрасност

### Член 8

При извршување на службените должности царинските службеници нема да бидат пристрасни, односно ќе обезбедат еднаков третман на сите странки. Тие нема да одбијат на едно лице да дадат услуга која редовно им се дава на други лица, ниту на едно лице ќе му дадат услуга која редовно не им се дава на други лица.

### Член 9

При донесување на конкретна одлука и при решавање за правата, обврските и интересите на граѓаните и правните лица, царинските службеници нема да се раководат од погрешна, неоправдана или неразумна оцена на фактичката состојба поради предрасуди, остварување на амбиции за напредувањето во кариерата, судир на интереси, заплашеност или закани од претпоставените или од лицата кои се засегнати со определена одлука или решение.

## Односи со странките

### Член 10

1) Царинските службеници во односите со странките должни се да се однесуваат коректно, професионално и со должно внимание кон нивните потреби и права.

2) При контактите со јавноста, царинските службеници должни се да се легитимираат.

3) При извршување на своите службени овластувања царинските службеници се должни да носат картичка со своето име, презиме и слика (освен кога со носењето на ваква картичка може да ја доведат во опасност личната безбедност, безбедноста на своите колеги или тајноста на царинските истраги).

### Член 11

При подготовката на пишани материјали, одлуки или решенија, како и во друга комуникација со јавноста, царинските службеници се должни да користат јасен и разбирлив јазик.

### Член 12

Во односите со странките царинските службеници ќе внимаваат на својата безбедност, безбедноста на своите колеги, како и на безбедноста на учесниците во царинските постапки. Ако настане ситуација на нарушување на личната безбедност, безбедноста на колегите или безбедноста на учесниците во постапката, царинските службеници ќе побараат поддршка од стручно оспособен персонал. За сите овие случаи ќе го информираат непосредниот раководител односно во негово отсуство повисокиот раководен работник и Одделението Дежурен царински центар.

## Односи со вработени и други државни службеници

### Член 13

1) Во меѓусебните односи со вработените, царинските службеници треба да воспостават однос кој се заснова на меѓусебно почитување, соработка и доверба.

2) Царинските службеници треба да избегнуваат конфликтни ситуации со вработените лица и со своето однесување да не го попречуваат извршувањето на работните задачи. Царинските службеници должни се да го почитуваат хиерархискиот ред во царинската служба и во согласност со истиот примерно да се однесуваат, а со непосредните раководители треба да постапуваат со должно внимание и почитување.

3) Непосредните раководители се должни да постапуваат со должно внимание и почитување кон подредените царински службеници.

4) Во односите со други државни службеници царинските службеници должни се да ја обезбедат потребната соработка и комуникација која ќе темели на заемно почитување, доверба, одговорност и пристојност, да ја унапредуваат професионалната соработка и да избегнуваат активности кои би имале штетни последици за угледот на царинската служба.

## Подароци, награди и друг вид на корист

### Член 14

1) Царинските службеници при извршувањето на службените должности и при донесување на одлуките не смеат да бараат или примаат подарок или друга корист или да примат ветување за подарок или друга корист за да извршат во рамките на своите службени овластувања службено дејство што не смеат да го извршат или да не извршат службено дејство што мора да го извршат.

2) Царинските службеници се должни подарок оставен во работните простории без нивно знаење и волја, без одлагање со писмен извештај да го предадат на својот непосреден раководител. Непосредниот раководител за случајот мора веднаш да го извести својот непосреден раководител и Секторот за професионална одговорност.

3) Обидите на странките да понудат било каква корист во замена за услуга или повластен третман, царинските службеници веднаш ќе ги пријават во писмена форма до непосредниот раководител, односно во негово отсуство на повисокиот раководен работник и Секторот за професионална одговорност.

### Член 15

1) Царинските службеници кои се вклучени во постапките за јавни набавки, истите ги спроведуваат согласно со закон, без дискриминација, повластување и без никаков личен интерес.

2) При спроведувањето на јавните набавки должни се да ги применуваат и почитуваат принципите на законитост, независност, транспарентност, отчетност, ефикасност, одговорност и професионален интегритет, почитувајќи ги одредбите од Кодексот на однесување на царинските службеници.

## Избегнување на судир на интереси

### Член 16

1) Царинските службеници при извршувањето на службените должности треба да избегнуваат учество во ситуации кои можат да ги доведат до судир на интереси. Царинските службеници при извршувањето на службените должности треба секогаш да постапуваат во служба на јавниот интерес, исклучувајќи ги своите приватни интереси, почитувајќи ги принципите на законитост, ефикасност, доверливост, независност, самостојност, чесност и професионализам.

2) Царинските службеници при извршување на службените должности се должни да се придржуваат до законската и подзаконската регулатива која се однесува на спречувањето на судир на интереси.

## Лојалност

### Член 17

1) Царинските службеници треба да бидат лојални на Царинската управа и во таа насока треба да се воздржуваат вон работното место да искажуваат негативни мислења и коментари за царинската служба и за службените задачи кои ги извршуваат, доколку таквите мислења и коментари можат да бидат разбрани како официјален став на царинската служба.

2) Царинските службеници треба да водат сметка за: објавите и коментарите кои ги објавуваат на социјалните мрежи, споделување на објави и коментари кои се негативни, навредливи и непристојни, односно со кои се нарушува нивниот личен углед и угледот на Царинската управа.

3) Царинските службеници не смеат на приватните профили кои ги отвараат на социјалните мрежи да поставуваат службени фотографии направени за време на вршење службени задачи, во кои учествувале лично тие или други вработени, вклучително и фотографии во службена униформа и со службени возила.

## Политички активности

### Член 18

1) Царинските службеници ги извршуваат своите работни задачи, обврски и овластувања на политички неутрален начин, без да навлегуваат во вредносно преиспитување на зацртаната економска и царинска политика.

2) Царинските службеници нема јавно да го застапуваат или изразуваат своето политичко убедување во вршењето на работните задачи и овластувањата.

### Член 19

1) При вршењето на своите овластувања, како и при извршување на своите работи и работни задачи, царинските службеници нема да вршат политички активности, бидејќи со тоа ја поткопуваат довербата на граѓаните и правните лица во нивната способност да ги извршуваат службените должности на политички непристрасен начин.

2) Во односите со јавноста, како и во односите со своите колеги, царинските службеници нема да ја споменуваат, истакнуваат или посредно да ја ставаат до

знаење својата припадност кон одредена политичка партија.

3) Царинските службеници не смеат да учествуваат во политички активности во текот на работното време во Царинската управа.

Член 20

Царинските службеници не смеат да ги убедуваат физичките и правните лица, како ни своите колеги, да пристапат кон одредена политичка партија, ниту ќе ги поттикнуваат да го сторат тоа, ветувајќи им било какви бенефиции при спроведување на царинската постапка, односно напредок во службата.

## Однесување со работи поврзани со пари

Член 21

При работа со службени пари ќе се применуваат следните принципи:

- службените пари ќе се трошат мудро и наменски,
- трансакциите каде што се вклучени службени пари мораат да бидат законски и
- само овластени лица можат да донесуваат одлуки за финансиски обврски.

## Доверливост и употреба на службени информации

Член 22

1) Царинските службеници нема да пренесуваат службени информации кои ги добиле за време на вршење на нивните овластувања на неовластени лица. Ова правило се однесува на сите документи и информации, вклучувајќи ги и тие евидентирани по електронски пат.

2) Царинските службеници нема да ги злоупотребат службените информации за лични цели, за искористување на лица врз основа на информациите добиени преку доверливи досиеја и нема да ги отстрануваат, менуваат или уништуваат истите.

3) Царинските службеници нема да користат службени информации за да остварат свои приватни интереси или интереси на други лица.

4) Царинските службеници не смеат да им овозможат пристап до службени информации на лица кои не се вработени во Царинската управа, а особено ако вршат работи кои се во врска со дејноста која ја врши Царинската управа.

### Употреба на средствата за работа и средствата за легитимирање

**Член 23**

1) Царинските службеници максимално економично и ефикасно ќе управуваат и ќе ги користат средствата за работа, опремата и другите предмети кои им се доверени за извршување на нивните овластувања и ќе бидат активни во спречувањето на нивно незаконско користење.

2) Царинските службеници ќе се грижат за безбедноста, за да спречат да дојде до оштетување на доверените средства.

3) Царинските службеници се должни совесно да постапуваат и да ги преземаат сите дејствија да не дојде до губење или оштетување на средствата за работа со кои се задолжени и на службената документација со која работат.

4) Царинските службеници се должни по завршување на работното време средствата за работа со кои се задолжени и службената документација да ги обезбедат од пристап на неовластено лице.

**Член 24**

1) Царинските службеници нема да ги користат средствата за службена идентификација (службена легитимација, магнетна картичка, факсимил, лозинка и друго) надвор од овластувањата за кои истите ги поседуваат.

2) Средствата за службена идентификација царинските службеници ќе ги чуваат со особено внимание, секое оштетување навремено ќе го отстранат, а по завршување на работниот однос ќе ги предадат на Царинската управа.

### Работна средина

**Член 25**

Царинските службеници имаат право на здрава и безбедна работна средина без дискриминација и малтретирање од било каков вид.

**Член 26**

1) Царинските службеници не смеат да внесуваат, употребуваат или да се под дејство на алкохол и психотропни супстанции за време на извршување на службените должности.

2) Царинските службеници не смеат да поседуваат и употребуваат психотропни супстанции вон работно време.

3) Царинските службеници не смеат да пушат на места каде што тоа е забрането, како ни при извршувањето на обврските на јавни места.

4) Царинските службеници не смеат да играат хазардни игри (коцкање) во текот на работното време или во службените простории на Царинската управа.

Член 27

Царинските службеници се должни работните простории во кои работат да ги одржуваат уредни.

Член 28

1) Службената облека на царинските службеници треба да биде уредна, чиста, средена и соодветна на работните обврски. Царинските службеници се должни да ги почитуваат важечките прописи за носење на службената облека.

2) Царинските службеници ќе ги прават сите неопходни поправки на службената облека, со цел истата да биде функционална и со уреден изглед.

3) Царинските службеници не смеат да го менуваат изгледот на службената облека, односно да вршат преправки или корекции (несоодветно кратење или теснење) кои се спротивни на важечките прописи за изглед и носење на службена облека.

4) Царинските службеници кои носат службена облека се задолжени да имаат уреден личен изглед, да водат редовна лична хигиена и да не носат накит (масивни ланци, алки, брезлетни, прстени, висечки обетки и сл.).

Член 29

1) Царинските службеници кои се распоредени на работни места за кои не е предвидено задолжително носење на службена облека, должни се да се облекуваат пристојно и да водат сметка за својот изглед.

Член 30

1) Царинските службеници не смеат да разговараат на приватни мобилни телефони додека ги извршуваат работните обврски и задолженија на граничните премини, односно во царинските испостави каде се врши стоково царинење. Истите, по

исклучок можат да примаат кратки телефонски повици на приватните мобилни телефони во текот на работното време, но не и да вршат разговори кои го попречуваат вршењето на работните задачи.

2) Царинските службеници должни се да употребуваат службени телефони, вклучувајќи и службени мобилни телефони, но само во функција на вршење на службената должност. Повремени кратки и приватни разговори можат да вршат на службени статични телефони само тогаш кога не го попречуваат вршењето на службената должност и под услов истите да не се приватни меѓуградски и меѓународни разговори.

## Член 31

1) Царинските службеници на граничните и внатрешните царински испостави, при доаѓање на работа, за време на извршување на работните обврски и задолженија и при одење од работа, не смеат да носат девизни парични средства со себе, во службената облека, во личната облека, во паричниците, во превозните средства кои ги користат за доаѓање и одење од работа и сл. За време на извршување на работните обврски и задолженија, во однос на денарските парични средства е дозволено носење во износ од  илјада денари.

2) Во врска со став 1 од овој член царинските службеници на граничните и внатрешните царински испостави, се должни да потпишат образец 02.10.00.КО.001.04-ОБ.03.04, Изјава за парични средства, со која потврдуваат дека за време на извршување на работните обврски и задолженија нема да носат девизни средства и денарски средства во износ поголем од дозволениот. Изјавата се чува во Секторот за управување со човечки ресурси, односно во персоналното досие на секој царински службеник.

3) Доколку, царинските службеници при доаѓање на работа со себе носат денарски парични средства во износ поголем од дозволениот наведен во став 1 на овој член, должни се да го пријават на непосредниот раководител со потпишување на образец 02.10.00.КО.001.04-ОБ.04.04 Изјава за пријавување на парични средства заедно со спецификација на паричните средства во апоени.

## Однесување во приватниот живот

## Член 32

1) Царинските службеници во приватниот живот ќе избегнуваат било какво однесување кое би можело да доведе до нарушување на нивниот углед,

достоинство и личен интегритет и да ја намали довербата на јавноста во Царинската управа.

2) Царинските службеници во приватниот живот не смеат да ги користат службените ознаки и легитимација за вршење на приватни работи и цели и да го користат авторитетот на работното место во царинската служба.

**Член 33**

Царинските службеници ќе избегнуваат активности кои се во конфликт со законските и етичките норми, а кои би можеле да бидат причина за нивна уцена при вршењето на службените задачи.

## III. Завршни и одредби

**Член 34**

1) Царинските службеници се должни да го почитуваат Кодексот на однесување на царинските службеници. Секое постапување спротивно на овој Кодекс ќе биде предмет на утврдување на дисциплинска одговорност.

2) Царинските службеници се должни да потврдат со потпишување на изјава, на образец 02.10.00.КО.001.04-ОБ.01.04 Изјава, која е составен дел на овој Кодекс, дека ги прочитале и разбрале основните принципи и стандарди на однесување и работење, содржани во Кодексот на однесување на царинските службеници. Потпишаните изјави се чуваат во Секторот за управување со човечки ресурси, односно во персоналното досие на секој царински службеник.

**Член 35**

1) Непосредните раководители, а во нивно отсуство повисоките раководни работници и Секторот за професионална одговорност се должни да вршат надзор над правилната примена на одредбите на овој Кодекс.

2) Сите непосредни раководители се должни со овој Кодекс да ги запознаат вработените во организационата единица со која раководат.

3) Секторот за управување со човечки ресурси, Самостојниот синдикат на Царинската управа и Синдикалната организација при Царинска управа на РСМ – УПОЗ. се должни, веднаш по неговото потпишување, овој Кодекс да го направат достапен до сите вработени и да извршат презентација во рок од 30 дена од денот на потпишувањето.

## Член 36

1) Овој Кодекс влегува во сила осмиот ден од денот на потпишувањето, а ќе се објави на интранет страницата на Царинската управа.

2) Со денот на влегување во сила на овој Кодекс престанува да важи Кодексот на однесување на царинските службеници број 01-022036/10-0056 од 11.11.2020 година.

| Самостоен синдикат на Царинската управа | Синдикална организација при Царинска управа на РСМ – УПОЗ | Царинска управа |
|---|---|---|
| Претседател, | | Директор, |
| Љупчо Чингоски | м-р Тони Апостоловски | м-р Горан Сугарески |

Бр. 01-022036/10-0057
Скопје, 29. 06. 2021

Записи:
- 02.10.00.КО.001.04-ОБ.01.04 Изјава
- 02.10.00.КО.001.04-ОБ.02.04 Изјава за казнена евиденција
- 02.10.00.КО.001.04-ОБ.03.04 Изјава за парични средства
- 02.10.00.КО.001.04-ОБ.04.04 Изјава за пријавување на парични средства

| | |
|---|---|
| Кодексот го подготви: | Сектор за управување со човечки ресурси<br>Сектор за професионална одговорност<br>Самостоен синдикат на Царинската управа |
| Приматели: | Директор,<br>Заменик директор,<br>Советници на директорот,<br>Помошници директори на сектори,<br>Началници на независни одделенија<br>Управници на царинарници |
| Примерок доставен за : | Интерна употреба |
| Оригиналот се чува во: | Сектор за професионална одговорност<br>Архива |